**20250030078**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА РЕФОРМИ И РАСТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Унија по Договор за заем за инструментот за реформи и раст за Западен Балкан,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6506/1

27 декември 2024 година

Скопје

Претседател на Република

Северна Македонија,

**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА РЕФОРМИ И РАСТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Европската Унија со заем во износ од 535.012.159 евра, наменет за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпишат министерот за финансии и гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

Член 3

Министерството за финансии до Европската комисија ќе поднесе Барање за повлекување на средства од заемот од членот 1 од овој закон. Средствата ќе се повлекуваат на рати. Европската Комисија може да ги исплаќа ратите во една или повеќе транши.

За секоја исплата на рата или транша од заемот, Европската комисија ќе издаде Потврда за прифаќање, во која ќе бидат утврдени конечните услови, меѓу кои се: износ на главница, нето-износ на исплата, датум на исплата, датум на доспевање, датуми на плаќање камата, прв датум на плаќање камата, датуми на доспевање и каматен период.

Сите повлечени средства ќе се отплаќаат најдоцна 40 години од датумот на потпишување на Договорот за заем со вклучен грејс-период до 10 години.

Отплатата на износот на главницата од повлечените средства започнува од 2034 година и се распределува рамномерно на еднакви отплати во текот на преостанатиот период на доспевање на повлечените средства.

Член 4

Средствата од заемот од членот 1 од овој закон ќе се користат за поддршка на Буџетот на Република Северна Македонија и поддршка за инвестициски проекти преку Инвестициската рамка за Западен Балкан.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.